# Три генерации

## ИЗЛОЖБАТА НА СЛИКИ ОД БОГДАН БАКИЌ, АТАНАС МУЧЕВ И ЉУПЧО ДОНСКИ



БОГДАН БАКИЌ: „ПРИРОДА"

Во просториите на Народниот универзитет во Скопје беше отворена изложба на слики од некогашниот професор по цртање во штипската гимназија, Богдан Бакиќ, неговиот некогашен ученик, Атанас Мучев, кој под влијание на својот професор се определил за сликарскиот позив завршувајќи ја Уметничката школа во Белград и ученикот на последниов, Љупчо Донски, инаку студент по медицина. Двократно поврзани со лични афинитети и со исти сфаќања, макар и не на иста висина во остварувањата, нивната желба за заеднички настап е сосем оправдана.

Помеѓу нив Бакиќ видно отскока со рутинираност и вешто владеење со материјалот. Сепак, било во која од изнесените техники (масло, акварел и пастел) да го реализира својот однос спрема објектот, тој, пред сѐ, останува како дисциплиниран и сигурен цртач со осетни влијанија на ставовите на Љуба Ивановиќ, кое, заедно со извесни призвуци на бугарскиот акварелист Штрклов, му одзема, од една страна, од свежината на импровизацијата, а од друга — од позадлабоченото проникнување во сушноста на објектот. Во експонатите од поскорешни датуми во овој негов, ретроспективне дел, се осеќа поголемо инсистирање во изнаоѓањето на личен јазик и тоа, секако, го наслутил во „Цвеќе во саксија" и наполно го остварил во пејсажот „Снег со четинар", со кој, ослободен од стегите на прецизниот цртеж, во една сензибилно изнијансирана, уденфана, сива, колористичка оркестрација; ослободен од описност и подреденост на сензацијата, отвора нови, навистина неслутено плодни перспективи на своето творештво.

Од изложените експонати на Атанас Мучев како да пробејува извесна повеќегодишна апстиненција во однос на сликарството, на кое укажува недоволната умешност во однесувањето како со изразниот материјал, така и со ликовната материја. Сепак експонатот „Мртва природа II", па и, донекаде „Портретот на Н. Н." посочува дека авторот поседува сликарски нерв и дека со поголема заангажираност би можел да даде многу повеќе од она што го изложува.

Акварелите на Љупчо Донски, градени со постојаност и дисциплинирано, се уште се наоѓаат во домените на учеништво и описност. Тој, често пати, повлечен од објектот што го слика, запаѓа во минуциозност и непотребно детализирање.

Д. К.

НОВА МАКЕДОНИЈА
3 ФЕВРУАРИ 1958 4 СТРАНА